Врз основа на точка 1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за добивање на возачка дозвола Б категорија" од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2026 година и врз основа на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2025), Комисијата за објавување на Јавен повик за доделување на субвенции на млади лица од Општина Карпош за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија од Општина Карпош бр.11-199/1 од 13.01.2026 година, распишува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија од Општина Карпош**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат заинтересирани физички лица кои се жители на Општина Карпош и ги исполнуваат сите наведени критериуми за субвенционирање.

## II. Критериуми за субвенционирање

1. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола мора да е жител на Општина Карпош, минимум 3 години до денот на поднесување на барањето.

2. Ќе се субвенционираат млади лица кои се родени во 2008 година, односно кои во 2026 година ке наполнат 18 години.

3. Субвенционирањето ќе биде според следните критериуми:

- Двајца родители со вкупен приход до 80.000,00 денари добиваат 100% од износот кој се наплатува за посетување на обука за теоретски и практичен дел.
- Двајца родители со вкупен приход од 80.001,00 до 100.000,00 денари добиваат 75% од износот кој се наплатува за посетување на обука за теоретски и практичен дел.
- Двајца родители со вкупен приход од 100.001,00 до 120.000,00 денари добиваат 50% од износот кој се наплатува за посетување на обука за теоретски и практичен дел.
- Двајца родители со вкупен приход од над 120.001,00 денари добиваат 25% од износот кој се наплатува за посетување на обука за теоретски и практичен дел.

Ке се земат во предвид само оние лица кои уплатиле за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола по добиена Потврда од страна на Општина Карпош за исполнување на критериуми и само во оние авто школи кои имаат склучено Договор со Општина Карпош бр.11-199/9 од 04.03.2026, произлезен од Јавен повик за избор на авто школи за обука на кадидати за теоретски и практичен дел со Одлука бр.11-199/6 од 20.02.2026 година. Уплатата треба да биде според минимална цена за обука во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните пресметани елементи на вредност.

Избрани авто школи се следните:

- **Друштво за сообраќајна едукација АВТО ШКОЛА СМАРТ ДООЕЛ Скопје**
- **Друштво за спроведување оспособување на кандидати за возачи АВТО ШКОЛА МОБИЛИТИ ПЛУС ДООЕЛ Скопје - АМСМ**
- **Друштво за туризам, транспорт и услуги БОБИЕМ ДООЕЛ Скопје**
- **Друштво за сообраќај, промет и обука на возачи СОФИ СКУЛ ДООЕЛ Скопје**
- **Друштво за промет, услуги и сообраќајно воспитување ТРИМОСКИ ДООЕЛ Скопје**

4. Ќе се субвенционираат само оние лица кои ги исполнуваат горенаведените критериуми и уплатиле во авто школите на денот или по денот на објавување на Јавниот повик.

**II. Потребна документација:**

**Прва фаза:**

1. Барање за издавање Потврда за исполнување на критериуми, (се подигнува во архива на ул. Никола Русински бр.11, 1000 Скопје или на веб страната на општината) со Изјава за согласност за обработка на лични податоци
   - Копија од лична карта како доказ за жителство и година на раѓање,
   - Копија на лична карта од двајцата родители како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош или копија од лична карта од еден родител + сведителство на детето како доказ дека завршило основно образование во некое од училиштата во Општина Карпош.

**Втора фаза:**

1. Барање за субвенционирање за поврат на одреден износ на уплатени средства од вкупниот износ за обука за теоретска и практична обука (по добивање на потврда за исполнување на критериуми)
   - Потврда за исполнување на критериуми издадена од Општина Карпош,
   - Оригинална фискална сметка за извршена уплата за теоретска и практична обука во автошколата.
   - Потврда за остварени приходи добиена од работодавачот за последните три месеци. Потврдите треба да бидат со датум од месецот на поднесување на Барањето од двајцата родители.
   - За невработени лица – Потврда од Агенција за вработување дека родителот е евидентиран како лице кое бара работа – активен барател на работа или листа од ПИОМ дека родителот е невработено лице. Потврдите треба да бидат со датум од месецот на поднесување на Барањето за исполнување на критериуми.
   - Копија од трансакциска сметка

**III. Начин на поднесување на понуди**

Барањата со комплетна документација ќе се доставуваат до архивата на Општина Карпош ул.Никола Русински бр.11, 1000 Скопје. По поднесувањето на документите, подносителите ќе бидат известени во писмена форма.

**IV. Рок на поднесување на документите**

Јавниот повик ќе трае до исцрпување на средствата, но не подоцна од 31.12.2026 година а ќе важи принципот
„Прв дојден, прв услужен“.

- Правото на субвенција е еднократно.
- За сите дополнителни информации, лицата можат да се обратат во Секторот за развој

Телефон за контакт: Никола Димовски 076/299-175, Марко Петрушевски 078/486-063

Број: 11-199/10
Дата: 06.03.2026 година

Комисијата за доделување на субвенции
на млади лица од Општина Карпош
за посетување на обуки за теоретски и практичен дел
за полагање на возачка дозвола Б категорија